Република Северна Македонија

Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**ноември, 2023 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Р Е З И М Е....2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР....3
Индустриско производство....3
Број на работници во индустријата....4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите....5
Број на извршени градежни работи по видови објекти....6
Промет во секторот трговија....6
Инфлација....7
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА....10
Извоз....10
Увоз....12
Салдо на трговска размена....13
Валутна структура....14
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР....14
Буџетски приходи според економската класификација....14
Буџетски расходи според економската класификација....15
Расходи по буџетски корисници....16
Буџетско салдо....18
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР....18
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување....18
Плати....19
Пензии....20
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР....21
Примарни пари....21
Кредити на банките....22
Каматни стапки на депозитни банки....23
Пазар на капитал....23
Девизни резерви....24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е
## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА
## ноември, 2023 година

- Во ноември 2023 година, индустриското производство забележа пад од 2,3% во споредба со истиот месец претходната година;
- Трендот на забавување на стапката на инфлација продолжи и во ноември, поточно таа изнесува 3,1% и е намалена за 0,4 п.п во споредба со претходниот месец (3,5% во октомври 2023 година). На месечно ниво стапката на инфлација се зголеми за 0,1%;
- Во периодот јануари - ноември 2023 година извозот забележа раст од 0,2%, а увозот пад од 8,3%, што резултира со намалување на трговскиот дефицит за 27,1% споредено со истиот период од 2022 година;
- Во периодот јануари - ноември 2023 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 248.473 милиони денари, односно 27,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,3% во однос на истиот период од 2022 година;
- Во периодот јануари – ноември 2023 година, вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 276.936 милиони денари, односно 31,0% од БДП, што е за 13,9% повеќе во однос на истиот период претходната година;
- Во ноември 2023 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 5,2% на годишно ниво, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,2%.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во ноември 2023 година забележа пад од 2,3% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите Рударство и вадење камен од 8,3% и Преработувачка индустрија од 2,7%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа раст за 9,4%.




Раст на производството во ноември 2023 година бележат 12 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 55,5% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во ноември 2023 година е забележан кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки за 12,8% со придонес од 1,3 п.п. и производството на метали за 14,2%, со придонес од 0,8 п.п., а пад кај производството на машини и уреди за 8,9% со придонес од -0,7 п.п. и производството на електрична опрема за 13,5% со придонес од -0,8 п.п..




Од традиционалните гранки, зголемување на производството во ноември 2023 година се забележува кај прехранбената индустрија за 14,4%, со придонес од 1,5 п.п. и производството на текстил за 4,7% и придонес од 0,2 п.п., додека намалување кај производството на пијалаци за 14,8% и придонес од -0,6 п.п., производството на тутунски производи за 50,7% со придонес од -0,5 п.п., производството на облека за 10,7% со придонес од -0,8 п.п., производството на кожа за 28,9% со придонес од -0,2 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 43,7% и придонес од -0,5 п.п..

Намалување на индустриското производство според намената на произведените единици во ноември 2023 година е резултат на намаленото производство во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 9,7%, придонес од -3,4 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 22,8%, придонес од -1,0 п.п.), додека зголемување на производство се забележува во групите: Енергија (раст од 3,9%, придонес од 0,3 п.п.), Капитални производи (раст од 6,2%, придонес од 1,3 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 0,6%, придонес од 0,2 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - ноември 2023 година индустријата забележа раст од 1,3%, што се должи на зголеменото производство во секторите Преработувачка индустрија за 0,2% (придонес од 0,1 п.п.), и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 17,7% (придонес од 1,2 п.п.), додека намалување на производство бележи секторот Рударство и вадење камен за 1,5% (придонес од -0,2 п.п.).

Графикон 1.3а: Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2023 година)*




Извор: ДЗС

Графикон 1.3б: Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2023 година)*




Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици,
раст во периодот јануари - ноември 2023 година е регистриран во следните групи: Енергија (9,7%), Капитални производи (8,9%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (2,6%), а пад во Интермедијарни производи, освен енергија (5,6%) и Трајни производи за широка потрошувачка (8,5%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во ноември 2023 година е зголемен за 3,3% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија и тоа за 3,9%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен за 0,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 5,2%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: поправка и инсталирање машини и опрема за 42,1%, производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 21,2%, и производство на текстил за 13,4%.

Графикон 1.4: Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници забележа единствено групата Капитални производи за 18,6%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - ноември 2023 година бележи раст од 1,4%, што се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 2,0%, додека намалување на бројот на

работниците бележат секторите Рударство и вадење камен за 2,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,5%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - ноември 2023 година е зголемен само во групата Капитални производи, и тоа за 13,9%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2023 година издадени се вкупно 318 одобренија за градење, што претставува значителен пад од 10,2% во однос на истиот месец од 2022 година, како резултат на годишниот раст на издадените одобренија за градење за објекти од високоградбата за 9,6% (тие учествуваат со 53,8% во вкупниот број издадени одобренија за градење), и на намалувањето за 2,5% проценти за објектите за реконструкција. Споредено со октомври 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 2,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2023 година е повисока за 31,2% на годишна основа, а во однос на претходниот месец бележи раст од 55,5%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 171 (или 53,8%) се наменети за објекти од високоградба, 70 (или 22,0%) за објекти од нискоградба и 77 (или 24,2%) за реконстркција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 318 издадени одобренија за градење, на 182 објекта (или 57,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 136 објекти (или 42,8%) деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во ноември 2023 година

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(ноември 2023)*




Графикон 1.7: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)



предвидена е изградба на 655 станови со вкупна корисна површина од 55.047 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 17,1% на месечно ниво, а зголемен за за 5,5% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Во октомври 2023 година беа извршени градежни работи во вкупна вредност од 3.264 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 7,8%, при што кај нискоградба се забележува раст од 47,5%, а кај високоградба пад од 32,9%. Споредено со септември 2023 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи раст од 10,4%, при што кај нискоградбата се забележува раст од 20,8%, а кај високоградбата пад од 7,5%. Кумулативно, во периодот јануари – октомври 2023 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 24.511 милиони денари, што е за 2,6% повеќе во споредба со истиот месец минатата година.

Графикон 1.8: Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите десет месец годинава беа извршени градежни работи во вредност од 14.144 милиони денари, односно 7,1% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период се намали за 2,9% и изнесува 10.367 милиони денари.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - октомври 2023 година е намалена за 5,9%, при пад и кај нискоградбата (2,0%) и кај високоградбата (10,8%).

## Промет во секторот трговија

Во ноември 2023 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот од 7,3%, по растот од 1,4%, во октомври. Вредноста на прометот во ноември 2023 година изнесува 66.795 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - ноември 2023 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 696.111 милиони денари, што е за 7,4 % повеќе во однос на истиот месец минатата година.

Графикон 1.9: Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Кумулативно, во перидот јануари - ноември 2023 година позитивен раст на прометот е забележан и кај секторите трговија со моторни возила, чија вредност на прометот изнесува 43,062 милиона денари, односно за 15,9% повеќе во однос

на истиот месец минатата година, трговија на големо 372.463 милиони денари или за 9,0% повеќе во споредба со иститот месец претходната година и трговија на мало 280.586 милиони денари, односно за 4,2% повеќе во однос на истиот месец претходната година.

На реална основа, трговијата на мало во ноември 2023 година бележи годишен раст од 2,5%, додека анализирано по групи и класи зголемување е забележано кај двете групитрговија на мало со храна, пијалоци и тутун за 4,2% и трговијата на мало со непрехранбени продукти за 2,0%, а додека намалување кај трговијата на мало со автомобилски горива за 2,8%.

Во ноември 2023 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,58%), потоа Трговија на мало (40,70%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,72%).

## Инфлација

Трендот на забавување на стапката на инфлација продолжи и во ноември, поточно таа изнесува 3,1% и е намалена за 0,4 п.п. во споредба со претходниот месец (3,5% во октомври 2023 година). И овој месец храната не е двигател на растот, односно инфлацијата се должи главно на растот на базичната инфлација и нивото на цените на енергентите. Цената на струјата во јули 2023 година се зголеми како резултат на одлуката на РКЕ поради враќањето на стапката на ДДВ од 10% на 18%, при што цената на енергијата за првиот блок беше намалена, а за другите три блока зголемена.

Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Кумулативно, во првите единаесет месеци од 2023 година стапката на инфлација изнесува 9,9%.

Во ноември, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) изнесува 6,5% на годишна основа и е непроменета во споредба со претходниот месец, односно три месеци по ред останува на нивото од 6,5%. Најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категориите Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата и Разновидни стоки и услуги.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваат 0,3% на годишно ниво и забележаа понатамошно забавување на растот, односно намалување од 0,7 п.п. во споредба со претходниот месец и, при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во ноември изнесува 0,1 п.п.. Забавувањето на растот на

Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

цените на храната и се должи на новата мерка за намалување на цените на основни прехранбени производи за 10%, кои во малопродажбата се продаваат со ознака „гарантирана цена“.

Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: овошје (13,2%.), месо (2,3%) и зеленчук (4,9%). Негативен придонес, пак, имаа: млеко, сирење и јајца (-0,5 п.п.), масло (-0,4 п.п.) и леб (-0,1 п.п.)

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во ноември 2023 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 10,8%. Раст на цените е регистриран и во другите категории, и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 9,3%, Разновидни стоки и услуги од 8,1%, Рекреација и култура од 7,3%, Ресторани и хотели од 6,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 5,1%, Здравствена заштита од 5,0%, Облека и обувки од 4,0%, Образование од 2,9% и Комуникации од 2,4%. Намалување се забележува единствено во категоријата Транспорт од 2,4%.

Во ноември, потрошувачките цени се зголемија за 0,1% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 1,5%). Во ноември цените на храната се намалија за 0,3% и освен во оваа категорија, цените се намалија во категориите Транспорт од 2,3% и Облека и обувки од 0,1%.

Графикон 12: Споредба на инфлација (годишни стапки на раст во %) меѓу земјите од Западен Балкан




Раст на цените на месечно ниво е регистриран во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,9%, Комуникации од 2,3%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 1,1%, Разновидни стоки и услуги од 0,5%, Здравствена заштита од 0,4%, Рекреација и култура од 0,3% и Ресторани и хотели и Домување, вода, електрична енергија, гас од по 0,2%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Во ноември 2023 година, цените на мало се зголемија за 3,4% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,2%.

Во ноември 2023 година, стапката на инфлација во еврозоната регистрира намалување за 0,5 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 2,4% (2,9% во октомври). Храната и понатаму останува релативно скапа.

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и тоа за 0,2 п.п. за 2023 и 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година е ревидирана надолу за 0,1 п.п.. Согласно проекциите од септември, стапката на инфлација во *2023 година би достигнала 5,6%, потоа 3,2% во 2024 и 2,1% во 2025 година.*

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2023 година се намали за 8,7% на месечно ниво и изнесува 83,2 долара за барел. Притоа, цената на нафтата се намали како резултат на стивнувањето на тензиите на Блискиот Исток и забавениот економски раст на еврозоната. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 10,7%.

Во ноември 2023 година, цената на природниот гас регистрира пад од 3,3% на месечно ниво. Падот на месечно ниво е резултат на обезбедените залихи и поволните временските услови. На годишно ниво, пак, цената на природниот гас во ноември 2023 година се намали за 58,9%. Овој тренд на намалување на цената на природниот гас започна при крајот на 2022 и продолжи во 2023 година.

Во 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година. Цената на електричната енергија во ноември 2023 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 99,38 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 5,3%, а на годишно ниво за 55,4%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија

Во ноември 2023 година, цените на повеќето основни метали регистрираа раст. На месечно ниво се зголемија цените на: цинкот за 3,9%, бакарот за 3,2%, оловото за 2,6% и алуминиумот за 0,5%. Намалување на цените на месечно ниво се забележува кај никелот за 6,9% и калајот за 1,5%.

Цената на железната руда регистрира раст од 10,2% на месечна основа.

Цената на златото во ноември се зголеми за 3,5%. Трендот на зголемување го следеа и другите благородни метали, па така цените на платината и среброто се зголемија за 1,6% и 5,0%, соодветно.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Во ноември, цената на пченката се намали за 8,4% на месечна основа, додека цената на пченицата се зголеми за 1,9%. Цената на сончогледовото масло, споредено со претходниот месец, регистрира раст од 3,7%.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите единаесет месеци од 2023 година изнесува 17.852,3 милиони евра и бележи пад од 4,8% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - ноември 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,2 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 61,8%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите единаесет месеци од 2023 година изнесува 24,7% и е зголемено за 1,4 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

### Извоз

[1] Започнувајќи од септември 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Вредноста на извезените стоки во првите единаесет месеци од 2023 година изнесува 7.664,4 милиони евра и бележи раст од 0,2% (15,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 4,9%.




Вредноста на извезените стоки во ноември 2023 година изнесува 718,4 милиони евра и бележи раст од 0,1% (1,0 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 4,9% споредено со ноември 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, извозот во ноември 2023 година бележи раст од 1,8% (12,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 4,0%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (2,2 п.п.) врз извозот овој месец.




Вредноста на извозот на храна во првите единаесет месеци од 2023 година е зголемена за 37,1 милион евра, што претставува раст од 8,9% во однос на истиот период од 2022 година. Растот на вредноста на извозот на храна се должи главно на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на извезената храна е намалена за 5,0%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите единаесет месеци од 2023 година изнесува 5,9% и е зголемено за 0,5 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.



Анализирано според економските групации[2] на земјите, во периодот јануари - ноември 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, додека пад има во групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 0,9% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 4,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и во земјите од Западен Балкан учествува со 78,9% и 12,5%, соодветно, во вкупниот извоз на Република Северна Македонија.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - ноември 2023 година изнесува 10.187,9 милиони евра и бележи пад од 8,3% (923,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот раст од 1,0%.

Вредноста на увозот во ноември 2023 година изнесува 956,8 милиони евра, што претставува пад од 4,4% (44,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а увезените количини стоки се зголемени за 25,0% споредено со ноември 2022 година.




Анализирано на месечно ниво, увозот во ноември 2023 година бележи пад од 2,7% (26,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 1,7%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (4,4 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите единаесет месеци од 2023 година е зголемена за 73,3 милиони евра, што претставува раст од 9,0% во однос на истиот период од 2022 година. Количината на увезената храна во анализираниот период е зголемена за 1,0%.Учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 8,7% во првите единаесет месеци од 2023 година и е зголемено за 1,4 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

[2] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2022 | I-XI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 140,2 | 119,5 | -20,7 | -14,8 |
| Мил.ЕУР | 140,1 | 94,6 | -45,4 | -32,4 |
| Мил.$ | 147,1 | 102,3 | -44,9 | -30,5 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2022 | I-XI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 1.173,8 | 1.089,9 | -83,8 | -7,1 |
| Мил.ЕУР | 1.051,2 | 812,9 | -238,3 | -22,7 |
| Мил.$ | 1.100,7 | 878,4 | -222,3 | -20,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2022 | I-XI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 72,5 | 73,2 | 0,6 | 0,9 |
| Мил.ЕУР | 2.301,0 | 2.202,6 | -98,3 | -4,3 |
| Мил.$ | 2.417,3 | 2.380,2 | -37,1 | -1,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2022 | I-XI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 28,3 | 27,9 | -0,5 | -1,6 |
| Мил.ЕУР | 168,1 | 171,5 | 3,4 | 2,0 |
| Мил.$ | 177,4 | 185,3 | 7,9 | 4,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2022 | I-XI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 624,3 | 608,0 | -16,3 | -2,6 |
| Мил.ЕУР | 736,0 | 535,9 | -200,1 | -27,2 |
| Мил.$ | 784,7 | 579,2 | -205,5 | -26,2 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI-2022 | I-XI-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 712,9 | 637,3 | -75,6 | -10,6 |
| Мил.ЕУР | 634,1 | 468,6 | -165,5 | -26,1 |
| Мил.$ | 671,8 | 505,9 | -165,8 | -24,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - ноември 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 27,1% односно 938,5 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во ноември 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 16,0% односно 45,3 милиони евра споредено со ноември 2022 година.




Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена (износи во милиони евра)

Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и на зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари - ноември 2023 година, 79,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија, Италија, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 91,8% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 1,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,9% и 89,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,2 п.п., а кај увозот за 1,2 п.п. во однос на периодот јануари – ноември 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-XI-2022 | | | | | I-XI-2023 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4.971,1 | 9.806.644.628 | 61,6213 | 604.298.190.604 | 88,3 | 5.537,0 | 9.118.764.061 | 61,5629 | 561.377.560.024 | 89,5 | -687.880.567 | -7,0 |
| УСД | 1.408,6 | 1.291.950.756 | 58,6334 | 75.751.465.478 | 11,1 | 900,8 | 1.065.204.637 | 56,9986 | 60.715.172.997 | 9,7 | -226.746.120 | -17,6 |
| ГБП | 1,7 | 18.778.315 | 72,4361 | 1.360.227.877 | 0,2 | 1,8 | 21.290.215 | 70,7327 | 1.505.914.374 | 0,2 | 2.511.900 | 13,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6.381,3 | | | 681.409.883.959 | 99,5 | 6.439,5 | | | 623.598.647.394 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 6.394,5 | | | 684.698.303.244 | 100,0 | 6.455,6 | | | 627.225.639.767 | 100,0 | | -8,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Во периодот јануари - ноември 2023 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 248.473 милиони денари, односно 27,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,3% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со ноември претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 27,3%, што произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи и придонесите (придонес од 17,2 п.п. и 8,1 п.п., соодветно). Притоа, во ноември 2023 година даночните приходи забележаа раст од 32,6% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по основ на данок на личен доход, ДДВ, увозни давачки и други даноци.

Графикон 3.1: Приходи по категории (износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Во периодот јануари – ноември 2023 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 139.567 милиони денари, односно за 9,2% повеќе во однос на периодот јануари – ноември 2022 година, што се должи на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и други даночни приходи.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 45,0% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 62.798 милиони денари и бележат зголемување од 5,2% во однос на периодот јануари – ноември претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 99.268 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 36.456 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 0,9%, додека повратот по основ на

ДДВ е понизок за 10,0% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 5,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 11,3%. Акцизите се остварени во износ од 24.304 милиони денари (учество од 17,4% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,2% во споредба со периодот јануари – ноември 2022 година. Следствено, приходите од овие два индиректни данока изнесуваат 87.102 милиона денари, што претставува 62,4% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – ноември 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваа 23.579 милиони денари, што претставува раст од 14,7% на годишна основа, а притоа 66,5% од приходите се од плата и други лични примања, 8,1% од приходи од капитал, 8,7% од приходи по основ на договор на дело, 6,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,4% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – ноември 2023 година изнесуваа 15.612 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 7,1% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 15,4%, а даночните биланси се намалени за 12,0%.

Приходите од царина изнесуваа 10.166 милиони денари и забележаа зголемување од 11,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 3.108 милиони денари забележаа значително зголемување за 404,5% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси изнесуваа 82.853 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 20,1% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 20,0%, кај придонесите за вработување за 20,4% и кај придонесите за здравствено осигурување за 20,2%.

Неданочните приходи изнесуваа 15.005 милиони денари и во однос на периодот јануари – ноември 2022 година забележаа пониско остварување за 3,6% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 2.002 милиона денари, што претставува намалување од 9,6% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка изнесуваа 7.406 милиони денари или за 156,0% повисоки во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Во периодот јануари – ноември 2023 година, вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 276.936 милиони денари, односно 31,0% од БДП, што е за 13,9% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со ноември претходната година, буџетските расходи бележат зголемување за 4,0%, што се должи на зголемувањето на тековните трошоци за 19,3%, а притоа капиталните трошоци се намалени за 52,8%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните

вкупни расходи во периодот јануари – ноември 2023 година, тековните расходи во износ од 245.006 милиони денари учествуваа со 88,5%, што претставува зголемување за 9,5% во однос на периодот јануари – ноември 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 33.234 милиони денари, што претставува зголемување за 14,0% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 17.724 милиони денари и споредено со периодот јануари – ноември 2022 година забележаа зголемување од 1,4%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 181.546 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 7,9% во однос на периодот јануари – ноември 2022 година, а учествуваа со 65,6% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 13,0% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 134.092 милиона денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 48,4%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваа 81.984 милиони денари, што претставува зголемување за 15,1% споредено со периодот јануари – ноември 2022 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 29,6%.

**Графикон 3.3:** Буџетски остварувања (во %)




Во категоријата други трансфери е регистрирано намалување од 4,7%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваа 20.538 милиони денари што претставува намалување за 23,0%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 21.701 милион денари бележат зголемување од 16,7% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваа 31.930 милиони денари со структурно учество од 11,5% во вкупните расходи, така што забележаа повисока реализација од 63,1% во споредба со периодот јануари – ноември 2022 година.

### Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – ноември 2023 година реализира 52.726 милиони денари или 95,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,0%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 35.302 милиона денари или 98,7% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,6% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 91,2% (12.460 милиони денари) од планираните за 2023 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 29.574 милиони денари, што е 84,6% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (62,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 18.340 милиони денари или 90,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,2%, за што се потрошени 5.089 милиони денари, односно 88,2% од вкупно предвидените.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(ноември 2023 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – ноември 2023 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 11.085 милиони денари, што претставува 85,8% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 70,1%, за што се потрошени 7.771 милион денари или 89,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 19,4%, и за таа намена се реализирани 2.153 милиони денари или 88,3% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 7.486 милиони денари што претставува 72,7% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 88,4% во вкупните расходи, изнесува 75,2% од планираните средства за цела година, односно 6.621 милион денари.

Министерството за одбрана, во периодот јануари – ноември 2023 година, реализира 11.936 милиони денари, што е 79,2% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите, поточно 41,5%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.951 милион денари (91,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 21,7% во вкупните расходи, и за оваа ставка се потрошени 2.593 милиони денари, односно 57,9% од вкупно предвидените.

Во истиот овој период, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 7.879 милиони денари, односно 78,9% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со 67,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализацијата изнесува 5.336 милиони денари (99,3% од предвидените средства).

**Графикон 3.5.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

Во периодот јануари – ноември 2023 година, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 5.827 милиони денари, или 80,9% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 51,3%, за што се потрошени 2.990 милиони денари или 96,5% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

ставка е Стоки и услуги со реализација од 2.418 милиони денари (76,1% од планираното за годината) и учество од 41,5% во вкупните расходи.

Во овој период, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 14.691 милион денари, што е 73,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 94,0% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (13.805 милиони денари или 72,7% од вкупно планираните средства).

Во јануари – ноември 2023 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.149 милиони денари, што претставува 70,4% од предвидените за 2023 година. Плати и надоместоци (498 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 43,3%, а притоа релизацијата изнесува 90,7% од планираните средства. По основ на капитални расходи отпаѓаат 37,0% од вкупните расходи, за што се реализирани 426 милиони денари или 61,3% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – ноември 2023 година, дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 28.463 милиони денари, што претставува 3,2% од БДП, а дефицитот на Централниот буџет 29.252 милиона денари или 3,3% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – ноември 2023 година изнесува 66,6% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во ноември 2023 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 190.558 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 1,7%. Бројот на новозасновани работни односи, почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година, бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа е на релативно стабилно ниво. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 40,9% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во ноември 2023 година, 13,2% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во ноември 2023 година изнесува 147.479, од кои 102.744 лица се активни баратели на работа, а 44.735 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 7,9%. Во однос на октомври 2023 година бројот на невработени е намален за 135 лица, што претставува продолжување на трендот на пад на бројот на невработени, кој беше прекинат во септември. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година генерално беше во пораст, и досега, покрај во септември, беше прекинат уште еднаш, поточно во октомври 2022 година.

Најголем дел од активните невработени лица (59,6%) е градско население, а според половата структура 48,3% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,4%, е со непотполно средно образование или помалку, 23,9% со завршено средно образование, а 7,7% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 48,8% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 61,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во октомври 2023 година оствари годишен раст од 17,3%, а во однос на септември 2023 година таа е повисока за 2,6%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на октомври 2022 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (26,2%), Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (20,2%), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (20,0%). Во октомври 2023 година, реалните плати забележаа годишен раст од 13,3%.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Највисока просечна нето-плата во октомври 2023 година е исплатена во секторот Информации и

комуникации (70.877 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатена во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (92.631 денар), по што следуваат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 55.069 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 53.868 денари и секторот Рударство и вадење камен со просечно исплатена нето-плата во висина од 49.486 денари.

**Графикон 4.5**: Просечна нето-плата по сектори, октомври 2023 година *(во илјада денари)*




Просечната номинална бруто-плата во октомври 2023 година изнесува 58.349 година и споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 17,7%, а на месечна основа порасна за 2,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во октомври 2023 година во однос на октомври 2022 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (26,8%), Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (20,8%), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (20,3%).

## Пензии

Во ноември 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 334.507 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 70,0% се корисници на старосна пензија, 22,0% на семејна пензија и 8,0% на инвалидска пензија.

Графикон 4.6: Корисници на пензии и просечна пензија *(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Просечната пензија во ноември 2023 година изнесува 20.191 денар или за 15,4% повисока во однос на истиот месец од 2022 година[3]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите, според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Согласно оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,1%.

Просечната старосна пензија во ноември 2023 година изнесува 21.793 денари, просечната инвалидска пензија 17.923 денари, а просечната семејна пензија 15.919 денари. За исплата на пензиите во ноември 2023 година се потрошени 6.686 милиони денари, што претставува 51,0% од вкупните социјални трансфери.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во ноември 2023 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 6,30%. Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Во ноември, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

### Примарни пари

Во ноември 2023 година, примарните пари[4] се зголемија за 13,0% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 31,1%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,0%.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 9,9%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек за 10,2% и 9,6%, соодветно.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
( ноември 2023 година)




Извор: НБРСМ.

### Депозитен потенцијал[5]

Во ноември 2023 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се зголемија за 2,1%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,4%.

Од аспект на валутата, во ноември 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 1,5% и 0,3%, соодветно.

Во ноември 2023 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 7,2% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 8,7% и 5,3%, соодветно, на годишно ниво.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 9,8% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 7,1%.

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[5]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***513.622*** | ***0,9%*** | ***7,2%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *285.992* | *1,5%* | *8,7%* |
| *Странска валута* | *227.630* | *0,3%* | *5,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *216.905* | *0,4%* | *2,1%* |
| *Долгорочни* | *114.827* | *0,8%* | *21,4%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***438.977*** | ***0,3%*** | ***5,2%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *254.407* | *0,6%* | *6,3%* |
| *Странска валута* | *184.570* | *-0,2%* | *3,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *64.120* | *0,0%* | *-8,3%* |
| *Долгорочни* | *357.130* | *0,2%* | *7,7%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 2,1%, а долгорочните депозити за 21,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,7%.

## Кредити на банките

Во ноември 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,3% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 0,7% и намалување на кредитите на претпријатијата за 0,1%.

Од аспект на валутата, во ноември 2023 година денарските кредити се зголемија за 0,6%, а девизните кредити регистрираа намалување од 0,2%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во ноември 2023 година вкупните кредити се зголемија за 5,2%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата за 3,8% и 6,5%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,3%, а кредитите во странска валута за 3,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,7%, додека краткорочните кредити се намалија за 8,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,48%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,01 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,76%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 5,15%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември 2023 година се зголеми за 0,07 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,74%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,10 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,23%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 1,34%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,79%, а на новоодобрените девизни кредити 4,30%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,71% и 1,81%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во ноември 2023 се зголеми за 8,2% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од класичното тргување од 50,3%, додека прометот од блок трансакциите се намали за 68,7%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2023 година изнесува 347,2 милиони денари и тој е зголемен за 14,1% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на ноември 2023 година изнесува 6.046,34 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 2,4%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 8,8%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2023 година изнесуваа 3.963,66 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 1,1%, а во однос на ноември 2022 година за 3,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0